ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ ЗА АЛАТКАТА
Predis.ai

НИВО НА СЛОЖЕНОСТ: Лесно

Страница 1: општ опис и практична задача со детални чекори

А. Општ опис

ИМЕ НА АЛАТКАТА	Predis.ai
ЛИНК	https://predis.ai/
ВИД	Алатка
НАЈПОГОДНА ЗА	Генерирање целосни објави за социјалните мрежи (графички материјали, текстови и хаштагови) од една инструкција
ЈАЗИЦИ	Повеќејазична (поддржува над 18 јазици, вклучително англиски, италијански, шпански и француски)
БЕСПЛАТНА/ ПЛАТЕНА	Бесплатна основна верзија (бесплатен план со месечни кредити за генерирање содржина; достапна е платена претплата Premium за целосната библиотека со материјали)
КЛУЧНИ ЗБОРОВИ	#СоцијалниМрежиСоВИ, #АвтоматскиОбјави, #ВизуелнаСодржина, #МаркетингНаInstagram

1. Што е оваа алатка?

Predis.ai е платформа за создавање визуелна содржина со ВИ, наменета за автоматизација на содржината за социјалните мрежи. Од една текстуална инструкција автоматски генерира графички материјали што можат целосно да се уредуваат, текстови за објавите и релевантни хаштагови. Им помага на младите претприемачи да одржуваат професионално и доследно присуство на социјалните мрежи, без претходно искуство во графички дизајн.

Б. Практична задача и упатства чекор по чекор

2. Практична задача

Генерирајте целосна објава за социјалните мрежи (слика + текст + хаштагови) што најавува започнување онлајн образовен курс.

3. Сценарио / пример за бизнис

Име на бизнисот: SkillJump

Производ/услуга: Дигитални микрокурсеви од 15 минути за млади претприемачи и создавачи на содржина

Целна публика: Идни хонорарни професионалци, студенти и млади основачи на бизниси (18–28 години)

Тон на комуникација: Динамичен, мотивирачки, модерен, директен

Крајна цел: Создавање објава за социјалните мрежи, подготвена за објавување, што го најавува започнувањето на платформата

4. Пред да започнете

Краток опис на бизнисот, главна социјална платформа (Instagram Feed), јазик на објавата и главна предност на понудата („Научете ги основните деловни вештини за 15 минути дневно“).

#	Активност	Упатство
1	**Отворете ја алатката**	Посетете ја https://predis.ai/ и најавете се или создадете бесплатна сметка.
2	**Изберете формат**	Кликнете **„Create New“ (Создај ново)** на главниот панел и изберете **„Text to Post“ (Од текст во објава) (или „Business/Idea to Post“ – Од бизнис/идеја во објава).**
3	**Внесете податоци**	Во главното поле за инструкции внесете го контекстот за SkillJump: „Привлечна образовна објава за Instagram што претставува деловни микрокурсеви од 15 минути за млади хонорарни професионалци, со модерна технолошка естетика.“
4	**Користете ја функцијата со ВИ**	Изберете тип на објава **„Single Post“ (Поединечна објава)** за **Instagram** и кликнете **„Generate“ (Генерирај)** за ВИ автоматски да ги создаде графичкиот материјал, текстот за објавата и групата хаштагови.
5	**Уредете го резултатот**	Отворете ја генерираната објава во уредувачот за дизајн за да ги приспособите боите на брендот, да го доработите текстот во страничниот панел и да ги отстраните нерелевантните хаштагови.
6	**Извезете/ споделете**	Преземете го графичкиот материјал како PNG-слика и копирајте ги текстот и хаштаговите во меѓумеморијата.

Очекуван краен резултат

Пакет за објава на Instagram, подготвен за објавување, со квалитетна графичка слика, текст подготвен за копирање и група хаштагови насочени кон целната публика.

B. Совети и дополнителни информации

Страница 2: совети и дополнителни информации

7. Примери за инструкции / внесени податоци

1. „Привлечна образовна објава за Instagram што претставува деловни микрокурсеви од 15 минути за млади хонорарни професионалци, со модерна технолошка естетика.“

2. „Живописна објава за социјалните мрежи што најавува нова платформа за онлајн курсеви за претприемачи од генерацијата Z, со динамични визуелни елементи.“

8. Совети за подобри резултати

1. **Додајте конкретни детали за целната публика во инструкцијата:** Наведете за кого е наменета објавата за ВИ да избере соодветен јазик и дизајнерски елементи.

2. **Поставете ги боите на брендот во поставките на сметката:** Уште на почетокот прикачете го логото и основната палета на бои, за генерираните објави автоматски да се усогласат со визуелниот идентитет на брендот.

3. **Изберете ги релевантните генерирани хаштагови:** Прегледајте ја автоматски генерираната листа и задржете ги само хаштаговите поврзани со вашата конкретна област.

9. Чести грешки што треба да се избегнуваат

1. **Објавување текст без јазична проверка:** Копирање на текстот создаден со ВИ без проверка за неприродни или несоодветни формулации.

2. **Користење премногу кратки инструкции:** Внесување 1–2 збора (на пример, „деловен курс“), што доведува до општи графички материјали.

3. **Преклопување на текстот со графичките елементи:** Оставање текстуални полиња што ги покриваат главните визуелни елементи на мобилните екрани.

10. Снимка од екран / визуелен пример



11. Дополнителни материјали

Наслов: Како да генерирате објави за социјалните мрежи од текстуални инструкции (Водич за Predis.ai)

Линк: https://predis.ai/resources/how-to-create-social-media-posts-using-ai/

Кратко објаснување: Официјален кориснички водич што објаснува како ВИ ги претвора текстуалните податоци во целосни објави за социјалните мрежи, вклучително приспособување на дизајнот и избор на хаштагови.

12. Одговорна употреба на ВИ / белешки за обучувачот

Напомена за ВИ: Пред комерцијално објавување, секогаш проверувајте ги фактите во промотивните тврдења, статистиките и деталите во текстот создаден со ВИ.

Белешки за обучувачот:

- Потребно време: 25 минути.
- Начин на работа: Индивидуално.
- Полесна верзија: Генерирање една статична објава со почетните предлози од ВИ.
- Потешка верзија: Користење Predis.ai за создавање објава со 4 слајда (карусел) и поединечно уредување на секој слајд.